Образец бр.1

План за спроведување
на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, по скратена постапка |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | М-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | октомври 2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕ |

Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата (забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1.Кои се главните проблеми?

Со реализација на овој проект значително ќе се подобрат транспортните врски кон Охрид. Автопатската врска ќе обезбеди високо ниво на услуги, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. На оваа делница, која е дел од коридорот 8 се одвива интензивен сообраќај. Постојната состојба на делницата од Кичево до Охрид е со лимитирани геометриски елементи кои директно и неповолно влијаат на брзините и безбедноста во сообраќајот. Тешкиот товарен сообраќај условува создавање на тесни грла и дополнително ја намалува брзината на транспортот. За делумно надминување на овој проблем, во изминатиот период се наметна потреба за ограничување на движење на товарните возила во деновите на викендот, особено во туристичката сезона. Со изградба на оваа делница на ниво на автопат, трајно ќе бидат решени посочените проблеми и ќе се обезбеди брз и сигурен сообраќај во текот на целата година.

Проектот ќе има директно влијание на зголемувањето на вработеноста и економскиот раст. Населението кое што живее во регионите каде што ќе се изведуваат работи на изградба на автопатот ќе има корист од намалување на транспортните трошоци и времето на патување, подобрување на квалитетот на патничкиот и товарниот сообраќај и ќе се создадат значајни можности за вработувања, особено во индустријата за изградба на патишта.

2.Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со донесувањето на Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за “Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид”, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, по скратена постапка, може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, со што се обезбедуваат потребните средства за реализација на проектот.

Со реализација на овој проект значително ќе се подобрат транспортните врски кон Охрид. На оваа делница, која е дел од коридорот 8 се одвива интензивен сообраќај. Постојната состојба на делницата од Кичево до Охрид е со лимитирани геометриски елементи кои директно и неповолно влијаат на брзините и безбедноста во сообраќајот. Тешкиот товарен сообраќај условува создавање на тесни грла и дополнително ја намалува брзината на транспортот. За делумно надминување на овој проблем, во изминатиот период се наметна потреба за ограничување на движење на товарните возила во деновите на викендот, особено во туристичката сезона. Со изградба на оваа делница на ниво на автопат, трајно ќе бидат решени посочените проблеми и ќе се обезбеди брз и сигурен сообраќај во текот на целата година.

3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Нема засегнати страни.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Податоци за финансиските услови на задолжување, начин и рок на отплата на заемот, надлежна институција која ќе го спроведува проектот.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни други дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

На 01.10.2013 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На 03.10.2013 година.

Г. Ресурси

4. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?